## IX. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 8

При изготвувањето на фактурата, добавувачот е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Набавувачот, место, седиште, даночен број
- број и датум на Договорот
- количини со опис на стоката , дефинирани по елементи како во член 2 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ;

## X. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

Член 9

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го врши во рок од **60** дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Набавувачот, на сметка и банка за која писмено ќе го извести Добавувачот. Доколку набавувачот не е во можност плаќањето да го изврши во наведениот рок се определува дополнителен рок од 60 дена, за кој рок добавувачот нема да наплати законска затезна камата.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

Во случај Набавувачот да не ја плати фактурата во договорениот рок, се засметува затезна камата за задоцнето плаќање .

## XI. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

Член 10

Материјален недостаток постои:

- ако стоката ги нема потребните својства за негова редовна употреба или за промет;
- Медицинското средство да е со рок на траење од најмалку **12** месеци од денот на испорака.
- ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува набавувачот, а која му била позната на добавувачот или морала да му биде позната;
- ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно договорени, односно пропишани, и